2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-447/2
27.03.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Сл.весник на РСМ број 202/2024“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 09-363 од 18.03.2026 година, Советот на општина Виница на 7-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
За одобрување финансиски средства по Барање од МЗ Истибања

Член 1
По Барање од МЗ Истибања, се одобруваат финансиски средства во висина од 120.000,00 денари, за набавка на градежни материјали за проширување на селските гробишта, изградба на ограден зид и нова порта во с.Истибања, општина Виница.

Член 2
Финансиските средства ќе се исплатат по доставена Фактура.

Член 3
Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-447
27.03.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

166

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Лески, с.Липец, с.Лаки и с.Истибања

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Лески, с.Липец, с.Лаки и с.Истибања, донесен на 7-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.03.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-448/2
27.03.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“ и „Службен весник на РСМ број

202/2024“) и член 56 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 7-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Лески, с.Липец, с.Лаки и с.Истибања

1.Се усвојува Извештајот за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Лески, с.Липец, с.Лаки и с.Истибања.
Советот на општина Виница го разгледа и Известувањето од ЈЗУ центар за јавно здравје - Кочани, број 05-81/1 од 16.03.2026 година, за неисправна анализа на водата во с.Лаки, која одговара на законските и стручните прописи во однос на испитаните параметри за бактериолошка анализа, додека во однос на физичко-хемиската анализа не одговара на законските прописи за испитаните параметри поради зголемена потрошувачка на Калиум перманганат и информацијата дадена од секретарот на општина Виница дека се додека не се направи нова анализа која ќе покаже дека водата е исправна и безбедна за пиење, да не се користи за пиење, за што е известено и населението во с.Лаки.
2.Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-448
27.03.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

167

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Правилник за критериумите и постапката за доделување еднократна парична помош на физички лица во Општина Виница

1.Се објавува Правилникот за критериумите и постапката за доделување еднократна парична помош на физички лица во Општина Виница, донесен на 7-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.03.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-449/2
27.03.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 22, член 36 и член 62 ст.1 од Законот за локална самоуправа(„Сл.весник на РМ“ број 5/02), член 21 став 1 точка 43 и член 52 став 1 од Статутот на општина Виница(„Сл.весник на општина Виница“ број 8/2010,12/2014,4/2019,12/2022“), Советот на општина Виница на 7-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

ПРАВИЛНИК
За критериумите и постапката за доделување еднократна парична помош на физички лица во Општина Виница

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Со овој правилник се уредуваат критериумите,условите,начинот,постапката,роковите и висината на доделување на еднократна парична помош, која ја доделува Општина Виница на физички лица-жители на Општина Виница.

Член 2
Еднократната парична помош претставува финансиска поддршка на лица кои се наоѓаат во социјален ризик, неповолна материјална состојба или се погодени од вонредни околности и има за цел подобрување на социјалната сигурност,поддршка на ранливите категории во општината и ублажување на последиците од болести,несреќи и елементарни непогоди.

Член 3
Право на користење на еднократната парична помош согласно одредбите од овој Правилник можат да остварат само физички лица кои се жители на општина Виница,по предходно поднесено Барање до Општината на пропишан образец и доставена потребна документација.

Член 4

Средствата за доделување на помошта се обезбедуваат од Буџетот на Општина Виница, во рамки на социјалната заштита.

II.КОРИСНИЦИ НА ПРАВОТО ЗА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 5

Право на еднократна парична помош има физичко лице кое:

-има живеалиште на територијатата на Општина Виница;

-се наоѓа во состојба на социјален ризик;

-или има потреба од итна финансиска поддршка

Член 6

Корисници на правото на еднократна парична помош можат да бидат:

-невработени лица

-лица и семејства со ниски приходи

-самохрани родители

-лица со попреченост

-стари и изнемоштени лица

-лица подогени од елементарни непогоди (пожар,поплава,земјотрес)

-лица со тешки здравствени проблеми

III.ВИДОВИ ФИНАНСИСКА ПОМОШ

Член 7

Од Буџетот на Општина Виница за секоја година посебно се предвидуваат средства, кои се доделуваат како финансиска помош на физички лица во вид на:

1.Еднократна финансиска помош за лекување

2.Еднократна финансиска помош поради елементарна непогода или несреќа

Еднократна парична помош за лекување

Член 8

Еднократна парична помош се доделува на физички лица за лекување во државата и во странство, а кои не се во можност финансиски да ги покријат трошоците за лекување.

Висината на паричната помош се доделува според следните критериуми:

1. Лекување со оперативен зафат надвор од државата доколку оперативниот зафат не е покриен од Фондот за здравствено осигурување до 10.000,00 денари;

2. Лекување надвор од државата до 8.000,00 денари;

3. Лекување со оперативен зафат во државата до 6.000,00 денари;

4. Лекување со соодветни испитувања во болнички услови до 3.000,00 денари.

5.Лица со хронична болест во одминат стадиум што ги ограничува во нормалното функционирање може да се додели до 15.000,00 денари.

Паричната помош се доделува на лица чии вкупни месечни примања во семејството не надминуваат износ од една просечна нето плата исплатена претходната година.

Постапката за доделување на парична помош за лекување се поведува со поднесување на писмено барање до архивата на Општина Виница.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за лекување за барателот и членовите на неговото семејството е:

- Важечка лична карта на барателот;
- Медицинска документација(специјалистички упати,наоди од специјалист,извештај за историјат на болеста,отпусни листи, медицински потврди од соодветни здравствени установи за болничко лекување, потврда/извештај за закажана хируршка интервенција и слично),не постари од 6-шест месеци.
- Потврди за нето плата на секој член од семејството во последните три месеци (за вработени членови на семејството);
- Потврди од Агенцијата за вработување на РСМ (за невработени членови на семејството) ;
- Потврда од Центар за социјални работи (за корисници на социјална помош);
- Трансакциска сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната документацијата и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Барање без комплетна документација нема да се разгледува.

Еднократна парична помош за лица настрадани од природни непогоди

Член 9

Еднократна парична помош ќе се доделува на поединец или семејство кое се нашло во положба на природна непогода (поплава, пожар) во висина до 20.000 денари.

Во исклучителни ситуации висината на паричната помош може да биде и повисока од утврдената, а најмногу до 30.000,00 денари и тоа кога на барателот кој се соочил со природни непогоди му е предизвикана штета од големи размери и тоа само за објекти наменети за домување.

Постапката за доделување на парична помош за лица настрадани од природна непогода се поведува со поднесување на писмено барање до архивата на Општина Виница.

Потребна документација за остварување на правото на парична помош за лица настрадани од природна непогода за барателот и членовите на неговото семејството е:
- Важечка лична карта на барателот;
- Записник или наод и мислење за утврдената состојба од претрпена природна непогода издаден од надлежен орган;
- Потврди за нето плата на секој член од семејството во последните три месеци (за вработени членови на семејството);
- Потврди од Агенцијата за вработување на РСМ (за невработени членови на семејството);
- Потврда од Центар за социјални работи (за корисници на социјална помош);
- Трансакциска сметка на барателот.

Со поднесувањето на барањето подносителот ја доставува целокупната пропишана документација и потпишува изјава за користење на неговите лични податоци во постапката за остварување и користење на правото на парична помош.

Барање без комплетна документација нема да се разгледува.

Барањето за остварување на правото на парична помош се поднесува во рок од три месеци од настанувањето на природната непогода.

IV.КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 10

Поднесените барања за финансиска помош од овој Правилник ги разгледува Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој при Советот на Општината.

Комисијата:
- ги разгледува поднесените барања и приложената документација,односно дали поднесените барања се комплетни и дали се поднесени во рок кој е пропишан со овој Правилник,
- може да побара дополнителни документи,
- по потреба врши увид на терен,
- утврдува предлог-одлука за доделување или одбивање на финансиска помош

Врз основа на предлогот на Комисијата, Советот на Општината донесува одлука за доделување на финансиска помош.

V.ПОСТАПКА И КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ

Член 11

Доделувањето на финансиската помош се врши врз основа на индивидуална проценка на секое поднесено барање,

При одлучувањето, Комисијата ги зема предвид:
- висината на приходите по член на домаќинството,
- материјалната состојба,
-здравствената состојба и видот на болеста,
-итноста на случајот,
- социјалниот статус,
-последици од елементарни непогоди или несреќи,
-доколку утврди дека за истата намена е одобрена парична помош или друга помош од страна на Градоначалникот на општина Виница и Советот на општина Виница,нема да одобрува парична помош, поради иста намена.
- други релевантни околности.

Финансиската помош се определува во следната рамка:
- минимален износ: 3.000,00 денари
- максимален износ: 30.00,00 денари

Комисијата е должна да ја образложи висината на доделената помош.

Доделувањето се врши во рамки на расположливите средства во Буџетот, односно до исцрпување на средствата предвидени во Буџетот.

VI. КОНТРОЛА

Член 12

Општината има право да изврши проверка на доставените податоци.

Доколку се утврдат неточни податоци, барателот е должен да ги врати средствата.

VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Овој Правилник го донесува Советот на Општината.

Член 14

Со стапување во сила на овој Правилник престанува да важи претходниот Правилник Бр.09-674 од 31.05.2022 година.

Член 15

Овој Правилник стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-449
27.03.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

168

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.576 К.О.Блатец, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.576, И.Л.бр.124 К.О.Блатец, Виница, а по Барање од Ристо Наунов од с.Лески, Виница, донесена на 7-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.03.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-450/2
27.03.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 7-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.576 К.О.Блатец, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект Индивидуална станбена куќа (зграда 1), со намена А1 на К.П.бр.576, И.Л.бр.124, со адреса м.в.„Село“, К.О.Блатец, изграден во опфат без важечка планска документација на с.Блатец, Виница, а по Барање од Ристо Наунов од с.Лески, Виница, заведено под број УП1 бр.11-182 од 28.09.2018 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-450
27.03.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

169

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.334 К.О.Истибања, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.334, И.Л.бр.1916 К.О.Истибања, Виница, а по Барање од Верка Заовска од с.Истибања, Виница, донесена на 7-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.03.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-451/2
27.03.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 7-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.334 К.О.Истибања, Виница

Член 1
Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект Помошен објект-гаража (зграда 2), со намена А1 на К.П.бр.334, И.Л.бр.1916, со адреса м.в.„Село“, К.О.Истибања, изграден во опфат без важечка планска документација на с.Истибања, Виница, а по Барање од Верка Заовска од с.Истибања, Виница, заведено под број УП1 бр.11-1231 од 19.08.2011 година.

Член 2
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-451
27.03.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

170

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ
За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.7851/1 и К.П.бр.7858 К.О.Блатец, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.7851/1, И.Л.бр.764 и дел од куќата зафаќа на К.П.бр.7858, И.Л.бр.623 К.О.Блатец, Виница, а по Барање од Дивна Андонова од Штип, донесена на 7-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.03.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-452/2
27.03.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 7-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.7851/1 и К.П.бр.7858 К.О.Блатец, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект Индивидуална станбена куќа (зграда 3), со намена А1 на К.П.бр.7851/1, И.Л.бр.764 и дел од куќата зафаќа на К.П.бр.7858, И.Л.бр.623, со адреса м.в.„Село“, К.О.Блатец, изграден во опфат без важечка планска документација на с.Блатец, Виница, а по Барање од Дивна Андонова од Штип, заведено под број УП1 бр.09-2555 од 02.09.2011 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-452
27.03.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

171

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.7163 К.О.Блатец, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.7163, И.Л.бр.2149 К.О.Блатец, Виница, а по Барање од Дончо Ангелов од с.Блатец, Виница, донесена на 7-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.03.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-453/2
27.03.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 7-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.7163 К.О.Блатец, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект Доградба на Индивидуална станбена куќа (зграда 1), со намена А1 на К.П.бр.7163, И.Л.бр.2149, со адреса м.в.„Село“, К.О.Блатец, изграден во опфат без важечка планска документација на с.Блатец, Виница, а по Барање од Дончо Ангелов од с.Блатец, Виница, заведено под број УП1 бр.09-2737 од 02.09.2011 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-453
27.03.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

172

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина

Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.8191 К.О.Блатец, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.8191, И.Л.бр.7566 К.О.Блатец, Виница, а по Барање од Билјана Рајак, Жаклина Тренчовска и Розета Јовичиќ од с.Блатец, Виница, донесена на 7-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.03.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-454/2
27.03.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 7-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.8191 К.О.Блатец, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект Индивидуална станбена куќа (зграда 1 и 2), со намена А1 на К.П.бр.8191, И.Л.бр.7566, на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија, со адреса м.в.„Село“, К.О.Блатец, изграден во опфат без важечка планска документација на с.Блатец, Виница, а по Барање од Билјана Рајак, Жаклина Тренчовска и Розета Јовичиќ од с.Блатец, Виница, заведено под број УП1 бр.09-2299 од 01.09.2011 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-454
27.03.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

173

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.301/2 К.О.Лески, Виница

1.Се објавува Одлуката за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.301/2, И.Л.бр.442 К.О.Лески, Виница, а по Барање од Радко Трајчов од с.Лески, Виница, донесена на 7-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.03.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-455/2
27.03.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ број 23/11, 54/11,155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Сл.весник на Р.С.Македонија број 174/21“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 7-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка планска документација на К.П.бр.301/2 К.О.Лески, Виница

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за вклопување на бесправно изграден објект Индивидуална станбена куќа (зграда 1) и Помошен објект (зграда 2), на К.П.бр.301/2 И.Л.бр.442, со адреса м.в.„Пороj“, К.О.Лески, на земјиште во сопственост на Радко Трајчов, изградени во опфат без важечка планска документација на с.Лески, Виница, а по Барање од Радко Трајчов од с.Лески, Виница, заведено под број УП1 бр.09-2304 од 01.09.2011 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-455
27.03.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

174

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за дополнување на Програма за култура и спорт на Општина Виница за 2026 година

1.Се објавува Одлуката за дополнување на Програма за култура и спорт на Општина Виница за 2026 година, донесена на 7-та седница на Советот на општина Виница одржана на 27.03.2026 година.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-456/2
27.03.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 7-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За дополнување на Програма за култура и спорт на Општина Виница за 2026 година

Член 1

Се врши дополнување на Програмата за култура и спорт на општина Виница за 2026 година, број 09-1255 од 29.12.2025 година.

Член 2

Во Забелешка во Програмата во ставот 1 после зборот 27 отомври Петковден, Пивофест с.Истибања, се додава: „Роденденска прослава на ресторан Александар Парк-Виница“.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-456
27.03.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

175

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за продолжување работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк - Виница

1.Се објавува Одлуката за продолжување работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк - Виница, донесена на 7-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.03.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-457/2
27.03.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на РМ број 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016 и 71/2016“ и „Сл.весник на РСМ број 31/20“), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010,12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 03-572/1 од 19.03.2026 година, Наш број 09-348/2 од 19.03.2026 година, Советот на општина Виница на 7-та седница оддржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

ОДЛУКА

За продолжување работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк - Виница

Член 1

Поради оранизирање на Роденденска прослава, работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк - Виница, со адреса ул.„Маршал Тито“ број 105, на ден 11.04.2026 година (Велика сабота) спрема 12.04.2026 година (недела Велигден), се продолжува за два часа покасно односно до 03:00 часот по полноќ.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-457
27.03.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

176

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 40 став 1 од Статутот на општина Виница („Сл.гласник на општина Виница бр.8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Градоначалникот на Општина Виница, донесе:

РЕШЕНИЕ

За објавување на Одлука за одобрување финансиска помош на Венцо Малчов од с.Црн Камен, Виница, за санирање на штета на опожарена куќа

1.Се објавува Одлуката за одобрување финансиска помош на Венцо Малчов од с.Црн Камен, Виница, за санирање на штета на опожарена куќа, донесена на 7-та седница на Советот на општина Виница одржана на ден 27.03.2026 година.
2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 10-458/2
27.03.2026 година
ОПШТИНА ВИНИЦА
Градоначалник,
Дипл.екк. Митко Костадиновски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“), член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), а по Барање број 09-342 од 24.03.2026 година, согласно Правилникот за критериумите и постапката за доделување на еднократна парична помош на физички лица, број 09 - 674 од 31.05.2022 година, Советот на општина Виница на 7-та седница одржана на ден 27.03.2026 година, донесе:

ОДЛУКА
За одобрување финансиска помош на Венцо Малчов од с.Црн Камен, Виница, за санирање на штета на опожарена куќа

Член 1

На Венцо Малчов од с.Црн Камен, Виница, со ЕМБГ хххххххххххх, се одобрува финансиска помош во висина од 30.000,00 денари, за санирање на штета на опожарена семејна куќа во с.Црн Камен, општина Виница.

Член 2

Финансиските средства ќе се исплатат по доставена фактура.

Член 3

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

Број 09-458
27.03.2026 година
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг.Гоце Василев

177

Содржина

1.....Одлука за донесување и усвојување на Изменување и дополнување на дел од Детален урбанистички план за БЛОК 4 – Виница, плански опфат помеѓу: граница на плански опфат на ГУП, дел од ул.2003, дел од улица 2022, дел од ул. 103 и дел од ул.101 – Виница.
Решение за објавување.

2.....Одлука за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање во Општина Виница за 2026г.
Решение за објавување.

3.....Одлука за пристапување кон изработка на Детален урбанистички план за Блок 7 дел 2 а- Виница, КО Виница.
Решение за објавување.

4.....Одлука за пристапување кон изработка на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени со намена Г2.10 други преработувачки и производствени индустрии со помалку загадувачки процеси за формирање на ГП 1 на дел од КП 8849/11 и дел од КП 8849/10, КО Виница од измена и дополна ГУП на град Виница (БЛОК 11).
Решение за објавување.

5.....Одлука за обезбедување на сопствено финансиско учество за проектот „Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион.
Решение за објавување.

5.....Одлука за обезбедување на сопствено финансиско учество за проектот „Комунална механизација/ опрема за подобри услуги-општина Виница.
Решение за објавување.

6.....Одлука за обезбедување на сопствено финансиско учество за проектот „Поплочување на улица 1 и улица 2, во ромското маало во Виница.
Решение за објавување.

7.....Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година, со Годишен финансиски извештај за работа на Центарот за 2025год.
Решение за објавување.

7.....Заклучок за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион 2021-2026 за 2025 година.
Решение за објавување.

8.....Одлука за давање Согласност на Завршна сметка на ЈП за комунално-производни и услужни работи „Кале“-Блатец за 2025 година.
Решение за објавување.

9.....Одлука за давање Согласност на Извештај за реализирање на Програмата за работа на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница за 2025 година.
Решение за објавување.

9.....Одлука за давање Согласност на Завршна сметка на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница за 2025 година.
Решение за објавување.

10.....Заклучок за усвојување на Извештај за работењето на ФА „Китка“-с.Истибања, Виница во 2025 год., со Финансов извештај.
Решение за објавување.

10.....Заклучок за усвојување на Извештај за одржаниот 40-ти ЦИОФФ Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо – 2025“ (5-11 септември 2025 година), со Финансов извештај.
Решение за објавување.

11.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение ГФК СЛОГА-1934 Виница за 2025 година.
Решение за објавување.

12.....Заклучок за повлекување на 16-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.

12.....Заклучок за повлекување на 17-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.

13.....Заклучок за повлекување на 18-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
13.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение за планински спортови „Чупино“- Виница за 2025 година.
Решение за објавување.
14.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение Спортско Риболовен Еколошки клуб „Крап“- Виница за 2025 година.
Решение за објавување.
14.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на ЛЗ „Бел Камен“- Виница за 2025год.
Решение за објавување.
15.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на ОО на Црвен крст – Виница за 2025г.
Решение за објавување.
15.....Заклучок за усвојување на финансиски извештај за работа на Регионална занаетчиска комора- Виница за 2025 година.
Решение за објавување.
16.....Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Центар за подршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА – Виница за 2025 година, со Финансиски извештај.
Решение за објавување.
17.....Заклучок за повлекување на 25-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
17.....Заклучок за повлекување на 26-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
18.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение на жени „Златно доба“- Виница за 2025 година.
Решение за објавување.
18.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Здржение за организирање на културни настани Лапа фест – с.Градец, Виница за 2025 година.
Решение за објавување.
19.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Младинска организација-с.Градец, Виница за 2025 година.
Решение за објавување.
19.....Заклучок за повлекување на 30-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
20.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Здружение Мото клуб Драгонс – Виница за 2025 година.
Решение за објавување.
21.....Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Кафе Де Анатолиа – с.Истибања, Виница за 2025 година.
Решение за објавување.
21.....Решение за разрешување в.д член на Управен одбор на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов“- Виница.
Решение за објавување.
22.....Решение за именување член на Управен одбор на ОУ Дом на култура „Тошо Арсов“- Виница.
Решение за објавување.
22.....Решение за разрешување член на Управен одбор на ОЈУДГДетска градинка „Гоце Делчев“- Виница.
Решение за објавување.
23.....Решение за именување член на Управен одбор на ОЈУДГ Детска градинка „Гоце Делчев“- Виница.
Решение за објавување.
23.....Заклучок за повлекување на 37-та точка од Дневен ред.
Решение за објавување.
24.....Одлука за одобрување финансиска помош на Ерол Хаас од Виница, за санација на оштетен кров од невреме.
Решение за објавување.
25.....Одлука за одобрување финансиска помош на Горан Коцев од Кочани, за лекување.
Решение за објавување.
25.....Одлука за одобрување финансиска помош на Минтас Мехмедов од Виница, за лекување.
Решение за објавување.
26.....Одлука за одобрување финансиска помош на Ангел Насев од с.Трсино, Виница, за лекување.
Решение за објавување.
27.....Одлука за одобрување финансиска помош на Синан Асанов од Виница, за лекување.
Решение за објавување.
27.....Одлука за одобрување финансиска помош на Мара Митревска од Виница, за лекување.
Решение за објавување.
28.....Одлука за одобрување финансиска помош на Даринка Димитровска од Виница, за лекување.
Решение за објавување.
28.....Одлука за одобрување финансиска помош на Венера Чергарска од Виница, за лекување.
Решение за објавување.
29.....Одлука за одобрување финансиски средства за реновирање на потпорен зид во кругот на Црквата „Рождество на Пресвета Богородица“ во с. Пекљани, општина Виница.
Решение за објавување.
30.....Одлука за усвојување на Барање од Црковно настојателство при Храмот „Св. Ап. и Ев.Лука- Виница“, за набавка на клима уред за потребите на црквата.
Решение за објавување.
30.....Заклучок по Барање од жители на зграда на ул. „Маршал Тито“ бр.13 Виница, за помош за санирање на фасадата и кровот на зградата.
Решение за објавување.
31.....Одлука за одобрување финансиски средства по Барање од МЗ Истибања.
Решение за објавување.
32.....Заклучок за усвојување на Извештај за здравствена безбедност на водата за пиење во с.Лески, с.Липец, с.лаки и с.Истибања.
Решение за објавување.
32.....Правилник за критериумите и постапката за доделување еднократна парична помош на физички лица во Општина Виница.
Решение за објавување.

35.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка документација на КП бр.576 КО Блатец, Виница.
Решение за објавување.
36.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка документација на КП бр.334 КО , Истибања, Виница.
Решение за објавување.
36.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка документација на КП бр.7851/1 и 7858, КО Блатец, Виница.
Решение за објавување.
37.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка документација на КП бр.7163 КО , Блатец, Виница.
Решение за објавување.
38.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка документација на КП бр.8191 КО , Блатец, Виница.
Решение за објавување.
39.....Одлука за утврдување на потреба од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект, изграден во опфат без важечка документација на КП бр.301/2 КО , Лески, Виница.
Решение за објавување.
39.....Одлука за дополнување на Програма за култура и спорт на Општина Виница за 2026 година.
Решение за објавување.
40.....Одлука за продолжување работното време на Макпрогрес ДОО Виница, Подружница Хотел ресторан Александар Парк-Виница.
Решение за објавување.
41.....Одлука за одобрување финансиска помош на Венцо Малчов од с.Црн Камен, Виница, за санирање на штета на опожарена куќа.
Решение за објавување.